Зоран НАЦЕВ

# НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ И ОДБРАНАТА ЗА НАРЕДНИОТ ВЕК

Остварувањето на националната безбедност и одбраната за наредниот век треба да се базира на концептот наречен интегрална безбедност. Тој концепт ќе се надоградува и инкорпорира преку наше вклучување и поврзување во наднационални и наддржавни организации и постојните интегративни процеси. Тоа подразбира потполно и сестрано вклучување во колективните системи за безбедност: во воено-политичката организација НАТО, потесно поврзување со САД и со други пријателски и сојузнички држави и ширење и зацврстување на безбедносната доверба со нашите непосредни соседи.

Посочениот концепт на интегрална безбедност подразбира одбранбено-заштитен пристап на Р. Македонија, која преку конкретни мерки, активности и сили се заштитува од вооружени и невооружени загрозувања, создавајќи адекватна основа за потполна и сестрана безбедност на сите нивоа и во сите содржини на животот и дејствувањето на човекот и општеството. Индивидуалниот и интегралниот безбедносен стандард во сите области е достигнат ако се процени и претпостави дека нема опасност од воен напад, од мешање во нашите внатрешни работи со субверзивни и намерно дестабилизирачки влијанија од политичка, економска и друга природа, со што се обезбедува слободен и од никаде неусловен општествен развој. За остварување на таквата безбедносна цел потребно е адекватно ангажирање на конкретни одбранбено-заштитни сили и средства како и други субјекти кои можат, од кои се очекува а и треба во рамките на својата основна дејност да партиципираат и на безбедносен план. Интегралната безбедност треба да биде дејност на наменски организирани и други сили, ангажирани на превентивно делување во сузбивањето на целокупниот комплекс на деструктивни дејства, однадвор и одвнатре, како и ангажирање на полето на санирање или елиминирање на веќе видливите и реализираните дестабилизирачки влијанија. Интегралната безбедност за која се залагаме претставува своевиден систем, организиран и структуриран од повеќе елементи кои се меѓусебно комплементарни, дејствуваат и вршат безбедносни активности и работи од својот домен и продуцираат резултантно влијание на безбедноста преку која се штитат основните вредности на државата.

Посочениот концепт на интегрална безбедност се засновува врз проценката дека во современи услови, а веројатно и во иднина, класичното ангажирање на вооружените сили за загрозување на независноста и суверенитетот на земјите, сè повеќе ќе им отстапува место на т.н. посредни или индиректни облици и средства на доминација. Притоа, може да се очекува селективна и ограничена употреба на вооружени формации или, пак, војската да се јави во улога на законувачки фактор во реализацијата на поставените цели. Може да се очекува ангажирање на низа сили со употреба на најразлични средства, облици и методи на дејствување, обвиткано со наметката на легалното и легитимното, дејствувајќи во рамките на државни, парадржавни, национални или мултинационални институции и организации. Оттаму нужно е потребно интегрирање и координирање на сите безбедносни, одбранбени и заштитни напори на поединци, општествени групи, институции, организации, на државата и општеството во целина, за адекватно справување со евидентно проширените облици на деструктивното дејствување со сè посуптилни методи и содржини, наспроти класичната агресија.

Настојувајќи да создадеме модерен демократски одбранбено-заштитен систем на државата, сметаме дека националната безбедност треба да биде длабоко имплантирана во институциите на државата низ нивното правилно функционирање во конструкцијата на новиот, модерен политичко-економски систем.

Губењето на легитимитетот во вертикална и хоризонтална насока на државниот апарат, може да предизвика атак врз националната безбедност, проследено со појава на безредија, отпор па и внатрешна војна.

Посочениот концепт на безбедност и одбрана треба да се оствари преку преземање на следните политичко-доктринерни и системски мерки и активности:

1. Основна платформа врз која ќе се базира безбедносниот стандард е создавање на редот и поредокот во државата како рамниште врз кое би се граделе демократиските институции, надополнето со процесите и односите на националната толеранција, политичкиот консензус за фундаменталните прашања на планот на безбедноста, одбраната и заштитата на основните вредности, социјален договор, остварување на граѓанските права и слободи и др.

Институциите на државата се тие што мора ефикасно да ги решаваат сите проблеми со што би се елиминирала „уличната" варијанта на разрешување. Попречување на внатрешните судири по различни

основи е од истоветно значење за опстанокот на државата при што не смеат да се игнорираат и надворешните кои сепак не се доминантни за безбедноста на државата.

Имено, она што во досегашниот развој загрижува, а ако не се преземат соодветни чекори ќе загрижува и во иднина, е прашањето за создавањето на вертикалниот и хоризонталниот легитимитет на државата (државните институции) како основен предуслов за опстанокот на Р. Македонија. Неодминлив е впечатокот дека земјата се наоѓа на некоја флуидна линија што ги двои демократијата, анархијата и безбедноста. Создаден е еден висок степен на дистинкција помеѓу „базата" и државните органи, проткаено со изразена недоверба во нивното функционирање и ефикасност за што говорат многубројните афери за вмешаноста на државните структури во непримерното богатење на поединците од власта, порастот на другите облици на криминал и општата несигурност.

Подигањето на нивото на општата безбедност и слобода на граѓаните, на капиталот и материјалните добра и создавање на механизми за ефикасна институционална безбедност и заштита е задача од приоритетно значење.

2. Остварувањето на концептот на безбедноста и одбраната би се реализирал со внесување на нови и посоодветни организациони и функционални решенија во институциите кои се надлежни и најодговорни за неговото спроведување а, пред сѐ, полицијата и војската, односно надлежните министерства.

Во однос на органите за безбедност, заложбата е кон создавање на простор и амбиент за нивно функционирање, справување со класичните облици на криминал и на новоинаугурираните видови: шверцот со дрога и наркоманијата, илегалното внесување на оружје и експлозивни направи, тероризмот и друго, односно, создавање на услови и потпори за искоренување на организираниот криминал и снижување на општото ниво на криминално однесување до степен кој ќе ја направи Р. Македонија безбедно место за живеење во секој поглед.

Од друга страна, сметаме дека одбранбено-заштитниот систем на Р. Македонија на концептуално, доктринерно-стратегиско и операционо ниво ќе мора веќе јасно да ја промовора својата поставеност, како заради самите нас така и заради вклучување во меѓународните одбранбени системи.

Имено одбранбено-заштитното организирање на национално ниво е до таа мера запоставено што ако не се преземат сериозни и примерени зафати кон негово устројство според нашите потреби и

светските искуства и стандарди, сосема е реална можноста да се најдеме во ситуација да не можеме да се избориме за конкретна политичка поддршка и виза за интегрирање во НАТО. Заради непримереноста на националниот одбранбен систем според критериумите на Алијансата процесот на рамноправното партиципирање неприфатливо се пролонгира. И се разбира, уште поважно е, системот на национална одбрана да биде во состојба адекватно и автохтоно да се носи со можните закани и евентуалните конфликти во кои би можеле да бидеме вовлечени.

Навистина е неверојатно после седум години од осамостојувањето на Р. Македонија оваа дејност да биде поставена на маргините на општественото организирање. И беглата анализа покажува дека одбраната е сфатена како простор каде што некомпетенцијата се покрива со функција или со позиција во пирамидалната скала, со што се овозможува остварување на лични, партиски или други интереси. Најголемиот број од вработените старешини, војници и цивили во оваа област се доведени во позиција да се чувствуваат многу непријатно пред можните искушенија и задачи кои граѓаните од нив реално очекуваат да ги решаваат во дадени ситуации, токму заради редицата нерешени прашања. Сето тоа е продукт на голем број пропусти од системска, организациона, функционална, техничка, едукативна и друга природа што „успеаја" да се наметнат и произведат во оваа област. Само темелни и суштествени реформи во Армијата и некои делови во цивилната одбрана можат и мораат да претставуваат излез од затворениот круг во кој се движи оваа дејност. За тоа се потребни нови пристапи, енергија и волја за остварување на одговорните задачи во одбраната и заштитата.

3. Во рамките на консолидирањето на општите внатрешни состојби, особено на безбедносен план, ќе треба да се преземат засилени надворешно-политички и дипломатски активности во функција на барање на најсоодветни патишта и решенија за безбедност на национално ниво. Доминантните дејства би биле насочени во правец на вклучување во меѓународните договорни прописи, активирање на превентивната дипломатија во случај на појава на кризи, редефинирање на безбедносните интереси и создавање на предиспозиции за одржување на слободата на делување колку што е тоа можно.

Притоа би се користеле најразлични методи и пристапи во вид на склучување на ангажмани со одделни сили, за наша заштита, при што особено ќе ни биде важно одржување на потесни врски со САД на билатерално ниво и обезбедување на нивна поддршка на меѓунаро-

ден план по однос на безбедноста и пошироко, потоа избегнување на директно инволвирање во конфликтите, барање на меѓународна политичка поддршка во ситуации на загрозеност на безбедноста и др.

На потесен воен план, надворешно-политичката и дипломатската активност би се одвивала во насока на развој на активна соработка на меѓународен план во доменот на одбраната, преку размена на искуства и научно-технички достигнувања, преку школување и обука на кадри, организирање и изведување на заеднички вежбовни активности, опремување на АРМ и сл.

Во поширок контекст, безбедносните интереси би опфатиле и ангажмани врзани за заштитата на државата од меѓународни економски измами, меѓународно организираниот криминал, обезбедување на пристапи до странски пазари за клучен извоз, односно увоз, а во случај на блокади да се обезбеди достапноста на суровини и да се заштити капиталот на наши државјани и фирми во странство и да се попречат другите активности кои можат да ја намалат или деградираат безбедносната состојба.

4. Една од основните заложби треба да биде насочена кон нашето натамошно позиционо јакнење во ООН и ОБСЕ, потоа продлабочување на соработката со НАТО, ЗЕУ и во рамките на Партнерството за мир, со градење на постабилни позиции за прием во НАТО во следниот изборен круг. Притоа, паралелно би се одвивале активностите за ползување на геостратегиската позиција на Р. Македонија водејќи сметка за потребата од намалување на актуелните и можните напнатости предизвикани од некои егоистички мотивирани соседи и нивните национални интереси.

**БИБЛИОГРАФИЈА**


1. Атанасовски, Т., *Пулсот на војната*, НИП ПУЛС, Скопје, 1996.
2. Bicnen, H., *Power, Economics and Security*, United States and Japan in Focus, Westwiev Press, 1992.
3. Buzan, B., *Peple, States and Fear*, Harvester Wheatsheat, 1991.
4. Ванковска, Б. и Цветковски, Ц., *Правото и одбраната - основи на одбранбеното право*, РОБЗ, Скопје, 1996.
5. Ванковска-Цветковска, Б., *Војската и демократијата*, Детска радост, Скопје, 1995.
6. Вељановиќ, Д., *Новиот светски поредок и меѓународните економски односи*, БАБ Интернационал, Скопје, 1995.
7. Gliksman, A., *Govor rata*, VINC, Beograd, 1996.
8. Гоцевски, Т., *Одбраната на Македонија*, НИО Студентски збор, Скопје, 1992.
9. Гоцевски, Т., *Политичкиот и економскиот систем и одбраната на Македонија*, Универзитетска печатница „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 1995.
10. Гоцевски, Т., *Основи на одбранбено-заштитниот систем на Р. Македонија*, НИГП Европа 92, Кочани, 1995
11. Гоцевски, Т., *Современите тенденции во одбраната*, Македонска ризница, Куманово, 1997.
12. Димишковски, С., *Основи на националната одбрана на Р. Македонија - воено-политички аспекти*, НИП Глобус, Скопје, 1996.
13. Dunnigan J., *Kako voditi rat*, VINC, Beograd, 1993.
14. Зборник на трудови од научниот симпозиум на тема „*Одбранбено-заштитниот систем на Р. Македонија - состојби и преспективи*", Охрид, декември 1996.
15. Лазаревски, П., *Политика и стратегија*, НИК Лист, Скопје, 1995.
16. Поузн, Б., *Извори војне доктрине*, ВИНЦ, Београд, 1992.
17. Schelling, T., *The strategy of conflict*, Harvard University, Cambridge, Massachuseets, London, 1994.
18. Simpkin, P., *Nadmetanje u brzini manevra - o ratu u XXI veku*, VINC, Beograd, 1991.
19. Holsti, K.J., *The state war and the state of war*, Cambridge University Press, 1996.

## SUMMARY

Zoran Nacev

### THE NATIONAL SECURITY AND DEFENSE FOR THE NEXT CENTURY

The work entitled „The national Security and Defense for the next Century“ indicates certain fundamental attitudes and directions which the Republic of Macedonia should assume in this field and it also provokes deep pondering over them.

The domestic and external engagements of the state and of the other subjects in the field of security and defense, which outline the mid and long-term commitments of country, are presented with concise statements. The solutions which are put forward are blend of the country's own (national) experiences and capabilities, the international trends and tendencies in this field and of scientifically funded knowledge and views of the author which need not be generally accepted and confirmed.